РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр 08-3013/1
19.06 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.krivapalanka.gov.mk


Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (службен весник на РМ бр. 5/02), член 23 од Статутот на општина Крива Паланка (службен гласник на општина Крива Паланка бр. 8/10, 8/14, 2/18 и 3/19), чл.51 од Законот за јавни патишта (службен весник на РМ бр. 84/08 и измените на истиот заклучно со 163/16), чл. 11 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и Сл.весник на РСМ 98/19), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За привремена забрана за движење на сите видови на моторни возила, велосипеди и пешаци, по едната коловозна лента на дел од улицата Св.Јоаким Осоговски (од км 0+000 до км 0+070 м) од безбедносни причини, бидејќи како последица од обилни врнежи се има појавено одрон/свлечиште кое е потребно да се санира. Забраната ќе важи се до завршетокот на градежните активности за санација на свлечиштето.**

Образложение:

Поради појавено свлечиште од обилни врнежи од безбедносни причини на горенаведениот дел од улицата неопходно е да биде затворен сообраќајот за сите моторни возила и пешаци по едната коловозна лента непосредно под самото свлечиште.

Се молат граѓаните да имаат разбирање за настанатата ситуација и да ја почитуваат забраната и да не ја одстрануваат или поместуваат поставената сообраќајна сигнализација за ограничување на движењето.

За горедонесеното решение ќе бидат известени Министерството за внатрешни работи, како и граѓаните преку средствата за јавно информирање.

Доставено до:
-архива
-МВР Крива Паланка

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА